СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

5

# ВАНЧО НОВОСЕЛСКИ

за Василево



СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**



„ЗНАЕМЕ КАКО И МОЖЕМЕ ДА СОЗДАДЕМЕ ЧИСТА, УРЕДЕНА И БЕЗБЕДНА ОПШТИНА ЗА СИТЕ ЖИТЕЛИ!“

**Почитувани,**

Како човек кој потекнува од оваа средина упатен сум во проблемите што ги имате, прво како жители, а потоа и како земјоделци, како невработени, млади и пензионери. И, не само што ги знам туку и самиот се соочувам со овие проблеми како жител од оваа општина која претставува мој дом и дом за сите вас.

Моите приоритети се: да обезбедам чиста, здрава и безбедна животна средина; чиста вода за пиење, во доволни количини; да ја подобрам комуналната инфраструктура (фекална и атмосферска канализација) и сообраќајната инфраструктура во населените места за поголема безбедност; да ги поддржам малите, локални бизниси и младите во образованието според потребите на бизнисите; да помогнам во вработувањето, спортот, земјоделството и руралниот развој; да ги уредам патиштата кон земјоделските парцели; да обезбедам подобра социјална заштита за постарите лица и за ранливите категории граѓани.

Мојата цел е да направам функционална, транспарентна и дигитализирана општина според потребите на сите жители. Општина, која паричните средства од вас, граѓаните, ги враќа назад кон вас, преку локални проекти креирани со ваше учество и според вашите потреби и барања за создавање на поквалитетни услови за живот во областа на социјалната заштита, образованието, културата, спортот, здравството, економијата и земјоделството. Ветувам посветено, одговорно и транспарентно работење, раководејќи се од начелото на заштита на јавниот интерес и законитост.

Сето ова ќе можам да го реализирам , само ако ми ја дадете вашата доверба, поддршка и глас за да изградиме општина со квалитетни услови за живот во сите области.

Со почит и благодарност !

**Ванчо Новоселски**

Кандидат за градоначалник на Општина Василево

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**




Ние сме ваши комшии, роднини, пријатели и доволно се познаваме. Не ветуваме дека ќе направиме чуда и за кратко време, но ви ветуваме дека ќе работиме чесно, одговорно и транспарентно, ќе бидеме често присутни меѓу вас и ќе разговараме за проблемите кои ве мачат. Ќе се залагаме за нивното решавање. Ќе даваме отчет за сработеното, ќе го критикуваме недомаќинското работење.
За да го реализираме ова, на овие избори ја бараме вашата доверба и вашиот глас, со цел вашите барања да бидат слушнати во Советот на Општина Василево.
Со почит!

# Советничка листа на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и коалицијата за Општина Василево

1. Стојан Ташев, р. 1983, комерцијалист, СДСМ
2. Јомер Мустафов, р. 1990, земјоделец, СДСМ
3. Александра Ѓоргева, р. 1990, техничар, СДСМ
4. Горанчо Николов, р. 1978, земјоделец, СДСМ
5. Халит Алиев, р. 1988, р. 1988, земјоделски техничар, СДСМ
6. Македонка Митрова, р. 1986, земјоделски техничар, СДСМ
7. Живко Коларов, р. 1961, социјален работник, СДСМ
8. Нeџат Меминов, р. 1994, земјоделец, СДСМ
9. Зорица Тимов, р. 1994, ССС, СДСМ
10. Ирена Василева, р. 2006, ССС, СДСМ
11. Сашко Димитриев, р. 1991, факултет за безбедност, СДСМ
12. Христина Петрова, р. 1990, ССС, СДСМ
13. Томче Мицев, р. 2000, машински техничар, СДСМ
14. 1Василија Христова, р. 1990, дипломиран економист, СДСМ
15. Зоранчо Ѓоргиев, р. 1965, ССС, СДСМ

# КАКВА Е СОСТОЈБАТА?!

Нашата држава се наоѓа на сериозна пресвртница. Премногу долго се потиснуваат реалните проблеми зад статистички извештаи и политички декларации. Вистината не може да се крие во розови интерпретации на податоци од разни табели – таа се слуша од гласот на граѓаните, од нивните секојдневни борби, стравови и стремежи.

Ние нема да ги игнорираме тие гласови. Ние ги слушаме, ги разбираме и дејствуваме. Нашата програма нема да се темели врз празни ветувања, туку врз соочување со реалноста, со изгубената надеж од предолгата транзиција на општеството, закочените европски интеграции и сè поизразената злоупотреба на власта.

Подолу ги претставуваме клучните предизвици со кои се соочуваме како општество. Време е да се соочиме со нив, без страв и без одлагање.

- **Значајно е намалена безбедноста на граѓаните**
- Здравствени ризици од енормно загадување
- Сообраќајна небезбедност
- Инфраструктурни недостатоци
- Кучиња скитници





## Институционална нефункционалност

- Партизација и слаб институционален капацитет
- Нехумано урбанистичко планирање
- Лошо одржување на инфраструктурата
- Еколошка деградација

## Корупцијата во јавните услуги

- Клиентелизам и непрофесионална јавна администрација
- Узурпации и непланско градење
- Неконтролирана експлоатација на ресурси
- Одолговлекување на постапки, наместо дигитализација

## Економска несигурност и масовно иселување

- Висока инфлација која ги топи платите
- Недоверба во системот
- Несоодветни јавни политики
- Бесперспективност







# НАШИОТ ПРИСТАП

Свесни за состојбите, за разочараноста на граѓаните и за политичката апатија што владее во општеството, храбро ја преземаме одговорноста да бидеме политички медиум преку кој граѓаните ќе можат да го направат посакуваниот целосен рестарт на системот.

Нашиот пристап се базира врз четири клучни столба околу кои би гравитирале сите стратегии, политики и проекти на СДСМ на претстојните локални избори и во време на мандатите на нашите градоначалници и членови на совети, кои ќе имаат реално позитивно влијание врз локалното население.

Ова не е само политичка платформа. Ова е повик за обнова на довербата, на системот, на иднината.



- **Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој**

- Градиме здрави и демократски свесни индивидуи
- Да бидеме поле за здрав и одржлив развој наместо расадник за светот
- Младите се нашата иднина и надеж – лесно достапно домување



## Чиста и здрава животна средина

- Беспрекорна комунална хигиена
- Чист воздух преку справување со изворите на загадувањето
- Расчистување на дивите депонии



## Функционален и безбеден јавен простор

- Хуман урбанизам – резиденцијални и културни/социјални хабови
- Сообраќајна безбедност
- Модерен и лесно достапен јавен превоз
- Зголемена мобилност



## Општини по мерка на граѓаните

- Отворени општини за граѓаните
- Да се слушне гласот на граѓаните
- Отчетни општини – нулта корупција
- Услужни и ефикасни општини



СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

# ШТО НАПРАВИВМЕ НИЕ:

- Изградба на 15 км локални патишта;
- Водовод за Дукатино и Требичино (2021);
- Детска градинка во Ангелци (2021);
- Реконструкција на патот Ново – Старо Владиевци (2021);
- Реконструкција на улица во Василево (2021);
- Уредување околу игралиштето во Ангелци (2021);
- Реконструкција на Домот на култура во Василево (2021);
- Изградба на игралиште во Нова Маала (2021);
- Средства за ООУ „Гоце Делчев" (2021);
- Бетонирање каналот во Радичево (2021);
- Атмосферска канализација во Василево (2021);
- Канал низ с. Градошорци (2020);
- Пат Нова Маала – Чанаклија (1.7 км, 2020);
- Две метеостаници (2019);
- Ново улично осветлување (2020);
- Улица во индустриската зона (2020);
- Пат Ново Владиевци – Сушево (2020);
- Бетонска улица со атмосферски канал;
- Техничка документација за улици (Светска банка, 2020);
- Пат Доброшинци – Брана Турија (1 км, 2019);
- Фекална канализација со станица – Едрениково (2019);
- Улица од црквата до резервоарот – Нова Маала (2019);
- Дом на култура – Нова Маала (фаза 2, 2019);
- Улица пошта – црква – Василево (2019);
- Реконструкција на трибини – Василево (2019);
- Пат Василево – Добрејци;
- Ново возило за смет – ЈПКД Комуналец (2020);
- Универзален ровокопач – МСИП (2019);
- Тампонирање полските патишта – МЗШВ (2019);
- 95 контејнери (1,1 $м^3$) – 2019;

# А ШТО (НЕ) НАПРАВИЈА ТИЕ?!

- Зголемување на задолженоста на општината и на Јавното комунално претпријатие;
- Небезбедна и во недоволни количини вода за пиење преку водоснабдувачките системи во населените места;
- Немање комунална инфраструктура (фекална и атмосферска канализација) во 11 населени места од вкупно 15 населени места;
- Незаинтересираност за заштитата на животната средина – диви депонии присутни секаде;
- Нередовно отстранување на комуналниот отпад од домаќинствата, а голем број од населените места и не се опфатени со собирање на отпадот;
- Вработување на несоодветни кадри – партиски активисти, партизација на администрацијата во општината и во јавното комунално претпријатие;
- Поголем број административни работници во однос на бројот на извршители во Јавното комунално претпријатие;
- Вработување на несоодветен кадар во образованието;
- Исто така, безбедноста на граѓаните е загрозена од повеќе аспекти:
- Навечер улиците се темни без улично осветлување поради неплатени сметки, рестрикција или дефекти.
- Зголемен број на кучиња скитници;
- Недоволна сообраќајна сигнализација и небезбедни улици;
- Не постојат проекти во областа на социјалната заштита и културата.

# МОЈАТА ВИЗИЈА



- **Зошто (повторно) се кандидирате? Што е мотивот?**

Моето искуство, знаење и познавање на состојбите и проблемите во населените места од општината сакам да ги искористам за да им помогнам на жителите во општина Василево да имаат поквалитени услови за живот и да ја направам општината функционална и од доверба за граѓаните.

- **Колку е важно да се има визија за општината, за нејзино подобро функционирање и за нејзин развој. Дали во тој контекст е потребно да се има и визија за општеството во целина?**

Иако надлежностите и функцијата на градоначалникот и на општината се ограничени на работите што се од јавен интерес на локално ниво, сепак со локалното дејствување придонесуваме

за подобрување на состојбата и во целокупното општество.

- **Што е тоа што сметате дека мора да се направи во следниот мандат и натаму? Нешто што ќе направи промена. Дали е доволно да се понудат само инфраструктурни проекти?**

Во следниот мандат и натаму мора да се вклучат сите жители во општината за креирање проекти според нивните потреби и барања и парите од граѓаните мора да се враќаат назад кон граѓаните. Нивната вклученост не е само во инфраструктурни проекти, туку и во целокупниот општествен живот како во: образованието, културата, спортот, развојот на малите локални бизниси. Во руралните средини жителите се повеќе поврзани со земјоделието и со преработка на примарните земјоделски производи. Затоа, ќе дадеме целосна поддршка за реализација на малите семејни бизниси за преработка на примарните земјоделски производи (зеленчук, овошје, месни и млечни производи).

- **Колку се важни младите за нашата општина?**

Без младите ниту едно општество нема иднина. Затоа дејствувањето на општината и моето работење ќе бидат насочени кон проекти за задржување на младите во општината преку инвестирање во нивното дообразување, преку обуки за нови работни места и инвестирање во спортот и културата. Со оглед на тоа што ова е рурална општина и најголем дел од фамилиите се занимаваат со земјоделство, општината ќе им помага на младите земјоделци во добивањето на додатна вредност на нивните земјоделски производи преку помош, субвенционирање за отворање мали бизниси за преработка на примарните земјоделски производи и со инфраструктурно уредување на парцели за таква дејност.

- **Како гледате на општата безбедност на граѓаните? Кои се проблемите и како можат да се решаваат?**

Општата безбедност и сигурност не е на задоволително ниво во сите области (социјалната заштита, здравството, сообраќајот и животната средина). Секој жител, без разлика на возраста, треба да има пристап до квалитетни услуги. Ќе ги подобриме условите за постарите и за немоќни лица. Ќе воспоставиме мобилни тимови за домашна нега и посети, патронажни служби за комбинирана здравствена и социјална грижа, прифатни центри за жртви на насилство, за бездомници и самохрани родители, воспоставување на Регистри на ранливите

семејства и семејствата во ризик. Ќе спроведеме отворање на амбуланти во населените места, подобрување на комуналните услуги, подобро одржување на јавната чистота и јавниот ред и мир. Ќе целиме кон намалување на загадувањето преку користење обновливи извори на енергија, со инсталирање на фотоволтаични системи на сите јавни општински објекти. Енергетски ефикасно јавно осветлување, субвенции за фотоволтаични панели, ќе се подигне свеста и едукацијата на граѓаните, ќе се уредат улиците, ќе се постави сообраќајна сигнализација, ќе се подобри јавниот превоз и ќе се уредат велосипедските патеки.

- **Довербата на граѓаните во системот е на многу ниско ниво, а општата перцепција на јавноста е дека корупцијата цвета во нашата држава. Дали можеме да ја повратиме таа доверба? Дали подобрувањето на општинските услуги, зголемувањето на транспарентноста и отвореноста на општината кон граѓаните можат да дадат нова надеж?**

Дигитализацијата на услугите што ги дава општината може многу да придонесе за елиминирање на корумптивноста, преку подобрување на транспарентноста на услугите и на трошењето на материјалните средства во општините, со вклучување на жителите во креирањето на проекти според нивните потреби и нивните барања, со подигнување на интегритетот и професионалноста на општинската администрација.

- **Иселувањето е еден од најголемите проблеми на Општината, а следствено и наталитетот е во драстично опаѓање. Имаме ли иднина без луѓе? Како да ги задржиме луѓето во своите места да продолжат да живеат со перспектива за себе и за своите деца?**

Само со создавање на поквалитетни услови за живот на луѓето во секоја област – социјалната заштита, образованието, културата, здравствената заштита, економијата и сл. можеме да ги задржиме луѓето во своите места на живеење.

- **Зошто граѓаните да гласаат за вас? Што е тоа по што сте различни од другите за да ви ја дадат токму вам довербата?**

Во мојата професионална кариера како ветеринарен доктор сум работел на раководни позиции во државни инситуции



и стекнатото искуство и знаење ќе го искористам  да ја направам општината функционална по мерка на жителите, општина што ќе ги вложува паричните средства од граѓаните назад кон нив за нивните потреби. За моите граѓани и за Општината ќе работам со посветеност, одговорност и транспарентност.

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

## Функционален и безбеден јавен простор

**Култура:** Издвојување од буџетот за културна инфраструктура, простори и обуки за културните работници. Формирање општински културни совети со учество на граѓаните.

**Социјална заштита:**

- Пензионерски клубови
- Мобилни тимови за домашна нега и посети
- Патронажни служби за здравствена и социјална грижа
- Реконструкција на градинките
- Формирање прифатни центри во општината
- Воспоставување регистри на ранливи семејства и семејства во ризик

**Здравство:** Општините да управуваат со примарната здравствена заштита, со кадарот и ресурсите.

**Животна средина и просторно планирање:**

- Одржување на јавната чистота, ред и мир како и санкционирање на лицата што ги прекршуваат локалните прописи
- Спречување дивоградби и депонии
- Граѓанска едукација
- Примена на обновливи извори на енергија: фотоволтаици со батерии во јавните објекти
- Енергетски ефикасно осветлување

**Дигитализација на општинските услуги.**

**Сообраќајна безбедност:** Подобрен јавен превоз и сообраќајна сигнализација, изградба на пешачки премини и велосипедски патеки.

## Чиста и здрава животна средина:

- Одржување и реконструкција на комуналната мрежа
- Воспоставување на систем за селекција, рециклирање и повторна употреба на отпад
- Инвестиции во нова комунална опрема
- Расчистување на дивите депонии и утврдување на одговорност за нивното создавање
- Поголем удел на теренски работници во однос на административен кадар

## Општина по мерка на граѓаните

**Образование:** Почитување на критериумите за избор и напредување на наставниците, инвестиции во дигиталната инфраструктура за учениците, наставниците и родителите.

**Култура:** Финансиска поддршка за локални културни проекти, фестивали и здруженија. Реконструкција на домовите на култура и на библиотеките.

**Социјална инклузија:** Родителски работилници, соработка со НВО, грантови за реализација на проекти за социјална заштита на ранливите групи.

**Здравство:** Вклученост на граѓаните во креирањето на здравствените политики на локално ниво каде што главни партнери ќе бидат локалните здруженија на пациенти.

**Јавни услуги:** Реорганизација на јавните претпријатија за повеќе теренски услуги. Воведување на 24-часовна комуникација со граѓаните за поголема транспарентност во следење на решавањето на проблемот којшто го пријавиле како и отчетност и транспарентност во трошењето на буџетските средства.

**Дигитална транспарентност:** Достапни информации преку веб-порталот на општината.

**Рурален развој и земјоделие:** Инфраструктурна и финансиска поддршка на агротуризмот и на проектите што се поврзани со преработка на примарните земјоделски производи. Модернизација на патната инфраструктура за полесен пристап до нивите и отворање зелени пазари.

- **Младите во фокусот**
  - Социјална заштита: Обезбедување пристап до предучилишното образование и вклученост на логопед и психолог во градинките. Воведување на „Гаранција за млади“ – пристап до работа, обука или пракса.
  - Формирање младински социјални центри за менторство и за личен развој
  - Креирање на Фонд за млади иновации
  - Организирање летни програми за волонтирање и локален активизам
  - Дигитална платформа „е-млади“

**Образование:**

- Воспоставување локални фондови за финансиска поддршка на учениците со одличен успех и за учениците од ранливите категории
- Туторства и дополнителна настава за оние учениците што имаат потреба
- Додаток на плата за наставниците што работат со ученици со посебни потреби
- Општинска награда за наставниците чии ученици освојуваат награди на општинските, регионалните и државните натпревари
- Организиран превоз за наставниците што работат во руралните средини

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## Изградба на нова филтер-станица за водоснабдувачкиот систем на селата Доброшинци, Нова Маала и Чанаклија

Воодоснабдителниот систем во моментов не обезбедува доволна количина чиста, питка и безбедна вода за пиење за жителите од овие три населени места. Првично, филтер-станицата е изградена за водоснабдување на две населени места – Доборошинци и Нова Маала. На овој систем се поврза и на населеното место Чанаклија, но филтер-станицата нема капацитет да ја преработи водата и за оваа населено место. Затоа, водата не е доволно чиста и безбедна во согласност со важечката легислатива за безбедна вода. За време на високите летни температури често се случува прекин на водоснабдувањето.

Со овој проект се предвидува изградба на нова филтер-станица за водоснабдувачки систем во овие населени места .

**Влијание на проектот:**

Се обезбедува доволна количина чиста и безбедна вода за пиење за населените места Доброшинци, Нова Маала и Чанаклија со што се подобруваат условите за живот во овие рурални населени места.

**Целна група:**

Жителите на Доброшинци, Нова Маала и Чанаклија

**Рок на реализација**

2026

**Буџет**-

30.000.000 денари/490.000 евра

## Прочистителна станица за крајците од фекалната канализација од селата Василево, Ангелци, Пиперево и дополнително од с. Градошорци кога ќе се заврши и овој крак од канализациската мрежа

Моментално отпадните води на фекалната канализација од краците на селата Василево, Ангелци, Пиперево и дополнително од с. Градошорци не се третираат соодветно, во согласност со законската регулатива, што доведува до загадување на животната средина.

Со овој проект се предвидува изградба на пречистителна станица со што ќе се овозможи соодветен третман на отпадните води од фекалната канализација од селата Ангелци, Василево и Пиперево и дополнително од с. Градашорци кога ќе се заврши и овој крак од канализациската мрежа.

**Влијание на проектот:**

Овој проект има влијание врз животната средина така што се спречува натамошното загадување на животната средина, а со тоа се создава здрава и чиста околина за сите граѓани.

**Целна група:**

Жителите на Василево, Ангелци, Пиперево и Градошорци

**Рок на реализација** 2027

**Буџет** 60.000.000 денари/ 1.000.000 евра

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## Изградба на повеќенаменска спортска сала во с. Сушево

Во с. Сушево постои одбојкарски клуб кој се натпреварува во првата машка лига, но сѐ уште не е направена сала за тренинг и за одржување на натпреварите. Клубот ја користи салата од Основното училиште „Гоце Делчев“ од Василево.

Со овој проект се предвидува изградба на повеќенаменска спортска сала со можност за трансформација на просторот во одбојкарско, кошаркарско и ракометарско игралиште, со сите потребни работи како соблекувална, тушеви и санитарни јазли, како и дел за присуство на публика. На тој начин салата ќе се искористува и за развој на други спортови. Оваа сала е децениска желба на сите жители и генерации од населеното место Сушево што учествувале во формирањето и афирмирањето на овој клуб во рамките на општината, а и во рамките на целата држава.

**Влијание на проектот:**

Проектот е важен за развојот на спортот и за здравите навики кај младите во општината. Младите ќе имаат сигурен и безбеден простор за спортски и културно-забавни активности и за одржување на добра психофизичка состојба.

**Целна група:**

Младите од оваа општина

**Рок на реализација**

2027

**Буџет**

9.000.000 денари/150.000 евра

# СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

## За Василево

СДСМ

И КОАЛИЦИЈАТА

# ПРОЕКТИ

## Реконструкција на филтер-станицата на водоснабдувачкиот систем за селата Ангелци, Градошорци , Василево и Едрениково

Во моментот преку ова филтер-станицата не се преработува доволна количина вода и не е безбедна за пиење во согласност со важечките законски прописи за безбедна вода за пиење. Со овој проект се предвидува реконструкција на филтер-станицата за водоснабдувачкиот систем за овие населени места.

**Влијание на проектот:**

Со овој проект се обезбедува доволна количина чиста и безбедна вода за пиење за населените места Ангелци, Градошорци , Василево и Едрениково .

**Целна група:**

Жители на с. Ангелци, Градошорци , Василево и Едрениково

**Рок на реализација** 2026

**Буџет**

3.000.000 денари

## Изработка на студија и елаборат за испитување и пронаоѓање на нови извори на вода

Постоечките водоснабдувачки системи во селата од општина Василево се поврзани со вештачката акумулација – Турија од каде што со вода се снабдуваат и населените места од општина Струмица. Во последно време, поради климатските промени, водата во акумулацијата е во постојано опаѓање и во водоснабдувачките системи доаѓа загадена вода. Водата на крајните потрошувачки места е често небезбедна и со високи концентрации на метали на кадмиум и манган, а и бактериолошки е нечиста.

**Влијание на проектот:**

Со оваа студија ќе се обебзеди откривање на нови извори на подземна вода и нивно искористување преку бушотини за изградба на водоснабдувачки системи за населените места кои имаат проблеми со водоснабдувањето.

**Целна група:**

Сите граѓани на Општина Василево

**Рок на реализација**

2026

**Буџет**

2.000.000 денари

## Изградба и уредување на мал „Зелен пазар“ за продажба на земјоделски производи

Проектот вклучува изградба на пазар уреден со тезги за продажба на земјоделски производи со санитарен јазол и снабденост со вода. Со тоа ќе им се овозможи на земјоделците од оваа општина да продаваат дел од своите производи директно на купувачите. Пазарот ќе биде лоциран во населеното место Василево. На овој начин земјоделците нема да мораат да патуваат до градот Струмица за продажба на своите производи. На тој начин се скратуваат трошоците за транспорт, а граѓаните од овие населени места нема да патуваат до градот Струмица за да се снабдат со свежи земјоделски производи.

**Влијание на проектот:**

Со овој проект им даваме предност на руралниот развој и на земјоделците коишто ќе имаат подобри услови за работа.

**Целна група:**

Земјоделците и потрошувачите

**Рок на реализација**

2027

**Буџет**

2.000.000 денари

## Изградба на прифатилиште за бездомни кучиња

Во последните години расте бројот на кучиња што се чуваат како домашни миленици. Но поради несовесноста на голем број сопственици и поради неконтролираното размножување расте бројот на уличните кучиња во населените места во оваа општина. Големиот број улични кучиња претставува безбедносен проблем за жителите поради опасноста од каснување, како и пренесување на заразни болести од кучињата на луѓето.

**Влијание на проектот:**

Запазување на заштитата и благосостојбата на бездомните кучиња и мачки и заштита на здравјето и безбедноста на граѓаните на општина Василево.

**Целна група:**

Бездомните кучиња и граѓаните на Василево

**Рок на реализација**

2028

**Буџет**

3.000.000 денари

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

**с. Ангелци**

- Завршување на фекалниот канализациски систем
- Изградба на атмосферска канализација на главната улица на постоечкиот канал
- Одржување и проширување на уличното осветлување – поставување нови светилки
- Партерно уредување на центарот во населеното место
- Реконструкција и асфалтирање на улиците

6. Уредување на гробиштата во Ангелци – внатрешноста и околината со паркинг-простор и со пристапен пат до гробиштата
7. Изградба и уредување на зелена површина – парк во населеното место

- Уредување на училишниот двор во с. Ангелци
- Уредување/проширување и тампонирање на патиштата кон земјоделските парцели

**Владевци**

- Изградба на фекален канализациски систем
- Изградба на атмосферска канализација на главната улица
- Реконструкција на водоснабдувачкиот систем
- Партерно уредување на центарот во населеното место
- Реконструкција и асфалтирање на улиците
- Уредување/проширување и тампонирање на патиштата кон земјоделските парцели
- Одржување и проширување на уличното осветлување – поставување нови светилки
- Изградба и уредување на зелена површина – парк во населеното место

**Василево**

- Завршување на фекалната канализација
- Проширување на атмосферската канализација
- Реконструкција и асфалтирање на улиците
- Уредување/проширување и тампонирање на патиштата кон земјоделските парцели
- Одржување и проширување на уличното осветлување – поставување нови светилки
- Изградба и уредување на зелена површина – парк во населеното место

7. Уредување/проширување и тампонирање на патиштата кон земјоделските парцели
8. Уредување на околината на каналот за наводнување кој минува низ селото, а којшто не е веќе во функција како и дел од системот за наводнување во надлежност на АД „Водостопанство на РСМ“

**Висока Маала**

- Изградба на водоснабдувачкиот систем
- Изградба на фекална канализација
- Изградба на атмосферска канализација на главната улица

- Партерно уредување на центарот во населеното место
- Реконструкција и асфалтирање на улиците
- Уредување/проширување и тампонирање на патиштата кон земјоделските парцели
- Одржување и проширување на уличното осветлување – поставување нови светилки
- Изградба и уредување на зелена површина – парк во населеното место

**Градошорци**

- Изградба на фекален канализациски систем
- Изградба на атмосферска канализација на главната улица на постоечкиот канал
- Одржување и проширување на уличното осветлување – поставување нови светилки
- Партерно уредување на центарот во населеното место
- Реконструкција и асфалтирање на улиците
- Уредување на гробиштата во внатрешноста и околината со паркинг-простор и пристапен пат
- Изградба и уредување на зелена површина – парк во населеното место
- Проширување и тампонирање на патиштата кон земјоделските парцели

**Дукатино**

- Изградба на водоснабдувачкиот систем
- Изградба на фекална канализација
- Изградба на отворен канал
- Партерно уредување на центарот во населеното место
- Реконструкција и асфалтирање на улиците
- Уредување/проширување и тампонирање на патиштата кон земјоделските парцели
- Одржување и проширување на уличното осветлување – поставување нови светилки
- Изградба и уредување на зелена површина – парк во населеното место

**Доброшинци**

- Реконструкција на водоснабдувачкиот систем
- Изградба на фекална канализација
- Изградба на атмосферска канализација
- Партерно уредување на центарот во населеното место
- Реконструкција и асфалтирање на улиците
- Уредување/проширување и тампонирање на патиштата кон земјоделските парцели
- Одржување и проширување на уличното осветлување – поставување светилки
- Изградба и уредување на зелена површина – парк во населеното место

**Едрениково**

- Реконструкција на водоснабдувачкиот систем
- Реконструкција и активирање на прочистителната станица за третман на отпадните води

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

- Реконструкција и асфалтирање на патот до гробиштата и уредување на надворешноста на гробиштата
- Партерно уредување на центарот во населеното место
- Реконструкција и асфалтирање на улиците
- Уредување/проширување и тампонирање на патиштата кон земјоделските парцели
- Одржување и проширување на уличното осветлување – поставување нови светилки
- Изградба и уредување на зелена површина – парк во населеното место

**Нова Маала**

- Реконструкција на водоснабдувачкиот систем
- Изградба на фекална канализација
- Изградба на атмосферска канализација
- Партерно уредување на центарот во населеното место
- Реконструкција и асфалтирање на улиците
- Уредување/проширување и тампонирање на патиштата кон земјоделските парцели
- Одржување и проширување на уличното осветлување – поставување нови светилки
- Изградба и уредување на зелена површина – парк во населеното место

**Пиперево**

- Реконструкција на водоснабдувачкиот систем
- Изградба на атмосферска канализација
- Партерно уредување на центарот во населеното место
- Реконструкција и асфалтирање на улиците
- Уредување/проширување и тампонирање на патиштата кон земјоделските парцели
- Одржување и проширување на уличното осветлување – поставување нови светилки
- Изградба и уредување на зелена површина – парк во населеното место

**Радичево**

- Реконструкција на водоснабдувачкиот систем
- Изградба на фекална канализација
- Партерно уредување на центарот во населеното место
- Реконструкција и асфалтирање на улиците
- Уредување/проширување и тампонирање на патиштата кон земјоделските парцели
- Одржување и проширување на уличното осветлување – поставување нови светилки
- Изградба и уредување на зелена површина – парк во населеното место

**Сушево**

- Реконструкција на водоснабдувачкиот систем
- Изградба на атмосферска канализација
- Партерно уредување на неуредни јавни површини во населеното место

- Реконструкција и асфалтирање на улиците
- Уредување/проширување и тампонирање на патиштата кон земјоделските парцели
- Одржување и проширување на уличното осветлување – поставување нови светилки
- Изградба и уредување на зелена површина – парк во населеното место
- Изградба на мала пречистителна станица за третман на отпадните води од домаќинствата

### Седларци

- Реконструкција на водоснабдувачкиот систем
- Изградба на фекална канализација
- Партерно уредување на неуредни јавни површини во населеното место
- Реконструкција и асфалтирање на улиците
- Уредување/проширување и тампонирање на патиштата кон земјоделските парцели
- Одржување и проширување на уличното осветлување – поставување нови светилки
- Изградба и уредување на зелена површина – парк во населеното место

### Требичино

- Реконструкција на водоснабдувачкиот систем
- Изградба на фекална канализација
- Партерно уредување на неуредни јавни површини во населеното место
- Реконструкција и асфалтирање на улиците
- Уредување/проширување и тампонирање на патиштата кон земјоделските парцели
- Одржување и проширување на уличното осветлување – поставување нови светилки
- Изградба и уредување на зелена површина – парк во населеното место

### Чанаклија

- Реконструкција на водоснабдувачкиот систем
- Изградба на фекална канализација
- Партерно уредување на неуредни јавни површини во населеното место
- Реконструкција и асфалтирање на улиците
- Уредување/проширување и тампонирање на патиштата кон земјоделските парцели
- Одржување и проширување на уличното осветлување – поставување нови светилки
- Изградба и уредување на зелена површина – парк во населеното место

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА